Член 14

Воведувањето во владение на плодоуживателите ќе се врши со записник од страна на Комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, составена од претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за геодетски работи и од единиците на локалната самоуправа од подрачјето каде што се наоѓа земјоделското земјиште што се дава на плодоуживање.

Член 15

На корисниците на плодоуживањето на земјоделското земјиште им следува еднократна парична помош во висина од 24.000,00 денари доколку по склучувањето на договорот за давање на земјоделско земјиште на плодоуживање, плодоуживателите се впишат во Регистарот на вршители на земјоделска дејност.

Средствата од став 1 на овој член се исплаќаат од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството.

Член 16

Доколку поради непочитување на обврските од договорот дојде до предвремено раскинување на истиот, плодоуживателот е должен да ја врати паричната помош од член 15 на оваа одлука, како и другите надоместоци кои ги примил во врска со договореното плодоуживање.

Член 17

Покрај помошта од член 15 на оваа одлука, на корисникот на полодоуживањето на земјоделското земјиште чие домаќинство до денот на склучувањето на договорот на користење на земјоделското земјиште на плодоуживање прима социјална помош, му се исплатува и еднократна парична помош во висина до (9) девет просечни месечни исплати на социјална помош, но не повеќе од (2) две просечни нето плати по работник на Република Македонија, остварени во последните три месеци по престанувањето на правото на социјална помош, а согласно Правилникот за определување на висината на правото на еднократна парична помош.

На корисникот на плодоуживањето на земјоделското земјиште кој до денот на склучувањето на договорот за користење користи право на паричен надоместок по основа на невработеност согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ќе му се исплати неискористениот дел од паричниот надоместок до (6) шест месечни исплати од висината на паричниот надоместок на невработено лице, но не повеќе од (2) две просечни нето плати по работник во Република Македонија, остварени во последните три месеци согласно Правилникот за определување на правото на еднократна парична помош.

Финансиските средства за реализација на став 1 и став 2 од овој член ќе бидат исплатени од Министерството за труд и социјална политика.

Член 18

Во првата година од плодоуживањето на корисниците на плодоуживањето на земјоделското земјиште им се надоместуваат придонесите од плати за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност, на најниската основица за плаќање на овие придонеси сметано од денот на запишување во регистарот на вршители на земјоделска дејност.

Средствата од став 1 на овој член се исплаќаат од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во месечни износи.

Член 19

За реализација на членовите 15, 17 и 18 од оваа одлука, финансиски средства ќе бидат обезбедувани во Буџетот на Република Македонија.

Член 20

Спроведувањето на оваа одлука го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 21

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на земјоделско земјиште во сопственост на државата на плодоуживање на одредени категории социјално необезбедени лица и определување видот и висината на помошта („Службен весник на Република Македонија" бр. 51 /04).

Член 22

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4391/1
29 ноември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**1521.**

Врз основа на член 70, став 1 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.12.2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОВИ НА СТОКА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ОРГАНИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат царинските гранични премини на кои, етил алкохол и други денатурирани алкохоли, алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино), цигари од тутун и нафтени деривати се предмет на постапување во врска во царинските постапки.

Член 2

Внесување на царинското подрачје на Република Македонија, изнесувањето од него, како и транзитот преку царинското подрачје на Република Македонија, на пратките наведени во член 1 од оваа одлука со патни превозни средства се врши на следните гранични премини:

- Богородица,
- Ќафасан,
- Табановце автопат,
- Блаце и
- Деве Баир.

На граничниот премин Стење се врши внесување и изнесување само на пратки со етил алкохол и други денатурирани алкохоли; алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино), а на граничните премини Делчево и Ново Село само пратки со нафтени деривати.

Член 3

Внесување на царинското подрачје на Република Македонија, изнесувањето од него, како и транзитот преку царинското подрачје на Република Македонија, на пратките наведени во член 1 од оваа одлука со железнички превозни средства се врши на следните гранични премини:

- Железничка станица Гевгелија;
- Железничка станица Табановце.

На железничката станица Волково се врши внесување, изнесување и транзит преку царинско подрачје на Република Македонија, само со пратки со етил алкохол и други денатурирани алкохоли; алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино) и нафтени деривати.

Член 4

Внесување на царинското подрачје на Република Македонија, изнесувањето од него, како и транзитот преку царинското подрачје на Република Македонија, на пратките наведени во член 1 од оваа одлука со воздушни превозни средства се врши преку Аеродромот Скопје како граничен премин.

Член 5

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука, престанува да се применува Одлуката за определување на видовите на стока кои се предмет на постапување само на определени царински гранични премини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/04).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.01.2006 година.

Бр. 19-4517/1
15 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**1522.**

Врз основа на член 4 став 1 и член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

На досегашниот корисник Министерството за култура му престанува користењето на недвижната ствар – објект – споменик на културата – „Кула Бардовци“ – Бардовски конаци (Хавзи пашини конаци) – Скопје, коешто се наоѓа во место викано: СЕЛИШТЕ, утврдено во Поседовен лист бр. 701, КП бр. 457 и 458, К.О. Бардовци, со вкупна површина од 29.587 м2, споменик на културата признато со Решение бр. 231/18 од 07.11.1967 година, имот во сопственост на Република Македонија.

Недвижната ствар од став 1 на овој член се дава на користење на национална установа - Кинотека на Република Македонија – Скопје.

Член 2

Користењето на недвижната ствар од став 1 на овој член се дава без надомест.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 од Одлуката ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник Министерството за култура и новиот корисник националната установа од областа на културата – Кинотека на Република Македонија - Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4527/1
15 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**1523.**

Врз основа на член 9 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КУПУВАЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Да се изврши набавка – купување со непосредна спогодба на недвижна ствар со вкупна површина од 315 м2, лоцирана во Скопје на ул. „Орце Николов“ бр. 71, кат 1, на КП 10062 КО Центар 1 – Скопје.

Недвижната ствар од став 1 на овој член е сопственост на АД „Жито Скопје“ – Скопје, согласно Имотен лист број 41147 издаден од Државниот завод за геодетски работи, Сектор за премер и катастар, Скопје.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се купува по цена од 1.600,00 евра/м2 со вклучен ДДВ.

Купопродажната цена на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука изнесува 504.000,00 евра, плус данок на имот, во денарска противвредност сметано по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата.

Член 3

Недвижната ствар предмет на оваа одлука да се плати во компензација со неизмирените доспеани обврски на сопственикот „Жито Скопје“ АД Скопје кон Министерството за финансии – Биро за стоковни резерви.

Член 4

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се купува за потребите на Министерството за финансии – Бирото за стоковни резерви.

Договорот за купување на недвижната ствар ќе го склучи директорот на Бирото за стоковни резерви.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4569/1
15 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.